**ИЛИЕВСКИ, Љубомир** **УДК: 347.963:340.13(497.7)**

# ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО КАКО ПОСЕБЕН ДРЖАВЕН ОРГАН

**Апстракт**

Денес повеќето современи држави водењето на целата претходна постапка му го доверуваат на јавното обвинителство, во тесна соработка со полицијата и сè поголемиот број специјализирани органи кои работат на следење, анализа и откривање на различни форми на криминалот и корупцијата. Со цел градење и прераснување на истото во респектабилна институција во која ќе се гарантира владеењето на правото во современите демократии, јавното обвинителство сè повеќе се профилира како посебен и самостоен орган на правосудството, дистанцирајќи се од извршната власт. Современите облици на криминалитет го поставија прашањето за поефикасна и поефективна борба против истиот пред јавниот обвинител, кој се јавува како единствено надлежен орган за гонење на сторителите на кривичните дела по службена должност со истовремено почитување на слободите и правата на човекот.

***Клучни зборови:*** *Јавен обвинител, Основно јавно обвинителство, Вишо јавно обвинителство, Основното* јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

**ILIEVSKI Ljubomir** **UDK: 347.963:340.13(497.7)**

# THE PUBLIC PROSECUTOR'S OFFICE AS A SPECIAL STATE AUTHORITY

**Abstract:** Today, most modern countries entrust the management of the entire preliminary procedure to the public prosecution, in close cooperation with the police and the growing number of specialized authorities that work to monitor, analyze and detect various forms of crime and corruption. With the aim of building and growing it into a respectable institution that will guarantee the rule of law in modern democracies, the public prosecutor's office is increasingly profiled as a separate and independent body of justice, distancing itself from the executive power. Modern forms of criminality have raised questions about a more efficient and effective fight against it before the public prosecutor, who appears as the only competent authority for prosecuting the perpetrators of crimes on official duty while respecting human freedoms and rights.

***Keywords****: Public Prosecutor, Basic Public Prosecutor's Office, Higher Public Prosecutor's Office, Basic Public Prosecutor's Office for Prosecution of Organized Crime and Corruption*

**Вовед**

Јавното обвинителство, за да биде високо ценета институција која ќе гарантира владеење на правото во современите демократии, потребно е да се категоризира како посебен и самостоен орган на правосудството, оддалечувајќи се од извршната власт. Јавниот обвинител како единствено надлежен орган за гонење на сторителите на кривичните дела по службена должност е предизвикан од страна на различни форми на криминалитет кои налагаат поефикасна и поефективна борба.

Со Законот за јавното обвинителство се уредуваат надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на јавното обвинителство, основите и постапката за именување и разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, основите за престанок на функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија, основите за избор и разрешување на јавните обвинители, основите за престанок на функцијата јавен обвинител, како и други прашања во врска со работата на јавното обвинителство.

Согласно законот, Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Функционирањето на јавното обвинителство се сведува на работата која ја вршат јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители.

Самиот јавен обвинител функцијата треба да ја врши законито, непристрасно и објективно, да ги почитува и заштитува слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти и во рамките на своите надлежности, во име на општеството се грижи за ефикасност на кривично-правниот систем. Исто така, многу значаен е фактот дека јавниот обвинител во вршењето на функцијата обезбедува еднаквост на граѓаните пред законот, независно од полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба. Така што, никој не може да влијае врз самостојноста и непристрасноста на јавниот обвинител во вршењето на функцијата. Притоа, Јавното обвинителство се организира според принципите на хиерархија и субординација, согласно закон.

Самото јавно обвинителство е специфично и има посебна улога во кривичното гонење, како единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела, при што ефикасноста се мери согласно постапувањето и претставува услов за остварување на заштитната функција на кривичното право. Со тоа, јавното обвинителство, не само што е директно вклучено во сузбивање на криминалитетот, туку тоа е активно вмешано и во спречување и превенција од појава на штетните појави во општеството преку следење и анализа на одредени фактори за појава на криминални однесувања и давање конкретни предлози за надминување и отстранување на истите.

Корупцијата и организираниот криминал како дел од современите облици на криминалитет, сериозно го поставија прашањето за поефикасна и поефективна борба против криминалитетот, како единствено надлежниот орган за гонење на сторителите на кривичните дела по службена должност, но и почитување на слободите и правата на човекот и во случаи кога тој се појавува како прекршител на правните норми пред јавниот обвинител, Притоа, според Законот за кривична постапка се применуваат највисоките принципи на човековите права, еднаква, брза и ефикасна правда и процедурална правичност, пред се тоа значи еднаков пристап на странките пред судот, а со тоа и перцепција кај граѓаните и јавноста дека судскиот систем обезбедува правда за сите.

**Јавното обвинителство - посебен државен орган**

За прв пат, јавното обвинителство како посебен државен орган се појавува во Франција, после Граѓанската револуција од 1789 година.[1] Во античко време, кривичната постапка имала акузаторна форма и овде приватниот тужител ја имал функцијата на кривично гонење односно таа била во рацете на сите граѓани. Оваа потреба за формирање на посебен државен орган кој ќе го преземе кривичното гонење произлегло од потребата за избегнување на неоправданото вознемирување на граѓаните со кривичен прогон ако не постојат оправдани причини дека сториле кривично дело и остварување кривично гонење за оние поведенија во кои што превладува општествениот интерес.

По Револуцијата во 1789 година членовите на јавното обвинителство стануваат државни службеници со надлежности и ингеренции на државен орган, кој што го следел извршувањето на законите и судските одлуки и кој го застапувал јавниот интерес пред судовите. Притоа, јавното обвинителство како концепт кој ни е познат и тесно поврзан со денешното постоење на него (со надлежности и функции во кривичното гонење), првпат се појавува во Франција со Законот за кривична истрага од 1808 година.[2] Со овој закон доаѓа до одвојување на правото за подигнување на обвинение, доверено на јавниот обвинител како посебен државен орган и на правото за водење истрага што му било доверено на истражниот судија. Овие две функции дотогаш биле во рацете на еден орган - истражниот судија. Исто така, своевремено јавниот обвинител како државен орган се воведува во текот на XIX век и во сите други европски земји: Белгија, Шпанија итн.

**Јавното обвинителство во РС Македонија**

Во 1991 година, веднаш по осамостојувањето на Р. Македонија како независна држава од поранешната Југословенска Федерација, бил донесен Уставот на Република Македонија[3] каде во делот за организација на државната власт, постои одредба за јавното обвинителство, дефинирано како: „единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон“.

[1] https://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/ilp-pji/rev1/index.html
[2] https://www.napoleon.org/en/history-of-the-two-empires/articles/the-code-dinstruction-criminelle-1808/
[3] https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

Истата оваа формулација била преземена и во Законот за јавното обвинителство, кој е донесен 1992 година.[4] Со Законот за јавното обвинителство од 1992 година беше уредено основањето на јавните обвинителства, нивната организација и надлежност, подрачјата во кои постапуваат и седиштата на јавните обвинителства, како и условите и постапката за именување и разрешување на јавните обвинители и нивните заменици од страна на Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, а по прибавено мислење од Јавниот обвинител на Република Македонија за време од шест години, со можност за повторно именување. Согласно Законот, функцијата јавен обвинител и заменик јавен обвинител била неспојлива со функција пратеник, односно одборник, како и со функциите во органите на Републиката, општините и градот Скопје и не можеле да вршат политичка функција и да членуваат во политичка партија или во друго политичко здружение.[5]

Дефиницијата на јавното обвинителство во Уставот на Република Северна Македонија и во Законот за јавното обвинителство е опишана како – единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други казниви дела и врши други работи утврдени со закон. Јавното обвинителство ги извршува своите функции врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот кои се дел од домашниот правен поредок.

Оваа функција ја извршуваат Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители. Притоа, заради објективно и професионално извршување на функцијата, јавниот обвинител не смее да членува во политичка партија или да врши друга јавна функција и професија, а пак Уставот изрично забранува политичко организирање и дејствување во Јавното обвинителство.

Согласно Законот за јавното обвинителство[6] и Законот за изменување на Законот за јавното обвинителство[7], кои беа на важност сè до 30 јуни 2020 година кога стапи на сила новиот Закон за јавното обвинителство[8], јавното обвинителство е организирано според принципите на хиерархија и субординација и тоа како Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, четири виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и 22 основни јавни обвинителства.

## Стварна и месна надлежност на јавните обвинителства

Покрај четирите виши јавни обвинителства во Скопје, Битола, Штип и Гостивар, функционираат и основни јавни обвинителства од кои 7 се со основна, а 15 со проширена надлежност.

Вишото јавно обвинителство Скопје е надлежно за 6 основни јавни обвинителства и тоа во: Скопје, Куманово, Велес, Крива Паланка, Кавадарци и Гевгелија.

Вишото јавно обвинителство Битола е надлежно за 5 основни јавни обвинителства и тоа во: Охрид, Прилеп, Битола, Ресен и Струга.

[4] Чл.2 од Закон за јавното обвинителство ( Службен весник на Р.Македонија бр.80/92)
[5] https://jorm.gov.mk/za-javno-obvinitelstvo/
[6] Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ" број 150/2007)
[7] Законот за изменување на Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ" број 111/2008)
[8] Закон за јавното обвинителство (Службен весник на РСМ бр.42/2020 од 16.02.2020 година)

Вишото јавно обвинителство Штип е надлежно за 7 основни јавни обвинителства и тоа во: Штип, Кочани, Струмица, Делчево, Свети Николе, Радовиш и Берово.

Вишо јавно обвинителство Гостивар е надлежно за 4 основни јавни обвинителства и тоа во: Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар.

**Јавно обвинителство на Република Северна Македонија**[9]

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција надлежно е за целата територија на државата и е со седиште во Скопје, а постапува пред Основниот кривичен суд Скопје.

Надлежноста на јавните обвинители е определена во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за јавното обвинителство, Законот за кривична постапка, и со одредби од други закони.

Според Законот за јавното обвинителство - основните јавни обвинителства постапуваат пред основните судови, вишите јавни обвинителства пред апелационите судови, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред основен суд со специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал, додека Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапува пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Меѓу другото, во рамките на меѓународните договори Јавното обвинителство на Република Северна Македонија остварува непосредна соработка со јавни обвинителства од други држави, особено на планот на спречување и гонење на организираниот криминал и други тешки форми на криминал преку правна помош, непосредна размена на податоци, едукација, специјализација на кадри и други форми на соработка.

При реализација на гонење на сторителите на кривични дела и други казниви дела, јавните обвинители се овластени да соработуваат со Министерството за внатрешни работи и другите државни органи во чиј делокруг на работа е откривање на кривични дела, нивните сторители и прибирање на докази заради кривично гонење на сторителите.

Јавните обвинители раководат со предистражната и истражната постапка, а може да побараат да се стават на располагање овластени службени лица од Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа, имаат овластувања за издавање наредби за примена на посебни истражни мерки заради откривање на кривичното дело или негов сторител, доколку е неопходно можат сами да преземаат дејствија за кои со закон се овластени Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа.

Јавното обвинителство се грижи за законитоста на мерките и дејствијата преземени во предистражната постапка и врши надзор над почитувањето на човековите права од страна на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи и други државни органи.

Јавните обвинители одлучуваат за преземање или продолжување на кривично гонење за сторителите на кривични дела, поднесуваат барање за поведување

[9] https://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2016/02/ojo11.jpg

прекршочна постапка, поднесуваат и застапуваат обвиненија пред судовите, изјавуваат редовни или вонредни правни лекови против судските одлуки. Во граѓанската и други судски постапки, како и во управната постапка, јавните обвинители преземаат правни дејствија за кои се овластени со закон.

При извршувањето на своите надлежности, јавните обвинители имаат право да наредат доставување на податоци и известувања, документи, списи, предмети, банкарски сметки, како од државните органи, така и од други правни лица и граѓани за кои може основано да смета дека располагаат со такви податоци или информации. Исто така, јавните обвинители можат да остваруваат консултации и да прибираат мислење од стручни лица од соодветна област, што се неопходни за донесување на соодветна јавнообвинителска одлука.

Основно право и должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела. Согласно член 39 од Законот за кривичната постапка во предметите за кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, јавниот обвинител има право и должност да:

*ги насочува дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители,

*пронаоѓа, предлага и обезбедува докази, под услови и на начин определени со закон,

*предлага или издава наредба за преземање на посебни истражни мерки, под услови и на начин определени со закон,

*донесува наредба и спроведува истражна постапка,

*одлучува за одлагање на кривичното гонење под услови и на начин определени со закон,

*предлага привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација,

*предлага издавање на казнен налог под услови определени со закон,

*преговара и се спогодува со обвинетиот за признавање на вина, на начин и под услови определени со закон,

*поднесува и застапува обвиненија пред надлежен суд,

*одлучува по жалба на оштетениот во случаи утврдени со закон,

*поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки и други дејствија за кои е надлежен согласно закон.[10]

Како дел од хиерархијата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постои и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кое постапува пред Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје, а има месна надлежност за целата територија на Република Северна Македонија. Надлежностите на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се наведени во членот 32 од Законот за Јавното обвинителство, односно тоа дејствува:

[10] Член 39 од Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија" бр.150/2010;бр. 100/12 и бр.198/18),

*за кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да се изврши едно или повеќе кривични дела за кое е предвидена казна затвор од најмалку четири години,

*за кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција согласно членот 33 став (1) од овој закон,

*за кривични дела: Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори од чл.215 ст.3 кога се работи за меѓународна организирана група, Измама на штета на средства на Европската Заедница од чл.249-а, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273, Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 5, Примање поткуп од чл. 357 ст.5, Давање награда за противзаконито влијание од чл.358-а, Примање награда за противзаконито влијание од чл.359, Противправно стекнување и прикривање имот од чл.359-а, Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од чл.275-в, Злосторничко здружување од чл. 394 од Кривичниот законик,

*за кривични дела: Давање лажен исказ од чл.367 ст.3 и 4, Спречување на докажување од чл.368, Попречување на правда од чл.368-а, Откривање на идентитет на загрозен или заштитен сведок од чл.369-а, Спречување службено лице во вршење службено дејствие од чл.382 од Кривичниот законик, ако овие дела се сторени во врска со постапки кои ги води Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,

*за кривични дела: Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од чл.322-а, Здружување заради непријателска дејност од чл.324, Терористичка организација од чл. 394-а, Тероризам од чл. 394-б, Финансирање тероризам од чл.394-в, сите кривични дела против државата, Трговија со луѓе од чл. 418-а, Трговија со дете од чл. 418-г, за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од глава 34 Кривичниот законик, освен за кривичното дело Криумчарење мигранти од чл.418-б,

*за кривични дела од чл.218: Загадување на животната средина и природата, чл.218-а Производство, трговија или употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка, чл.219 Загадување вода за пиење, чл.230 Загрозување на животната средина и природата со отпад, чл.231 Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи и чл.234 Тешки дела против животната средина и природата, од главата 22 Кривични дела против животната средина и природата од Кривичниот законик, доколку се сторени од организирана група, и

*за кривични дела од главата 24: Кривични дела против културното наследство и природните реткости од Кривичниот законик, доколку се сторени од организирана група.

Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција функционира Специјализирано одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

Меѓу другото, ова одделение е надлежно да постапува за кривични дела кои се извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при вршење на службени должности и овластувања и кривични дела извршени надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

## Заклучок

Високоценетото и од големо значење јавно обвинителство претставува единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други казниви дела и врши други работи утврдени со закон, а своите функции ги извршува врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот кои се дел од домашниот правен поредок.

Овие претходно споменати функции се извршуваат од страна на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители. Притоа, заради објективно и професионално извршување на функцијата, јавниот обвинител не смее да членува во политичка партија или да врши друга јавна функција и професија, а пак Уставот изрично забранува политичко организирање и дејствување во Јавното обвинителство.

Согласно Законот за јавното обвинителство, организацијата на јавното обвинителство е извршена според принципите на хиерархија и субординација и тоа како Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, четири виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и 22 основни јавни обвинителства.

Покрај четирите виши јавни обвинителства во: Скопје, Битола, Штип и Гостивар, функционираат и основни јавни обвинителства од кои 7 се со основна, а 15 со проширена надлежност.

## Користена литература

Fletcher, G. (1998): Basic Conceps of Criminal Law, Oxford University Press, Oxford;

http://sjorm.gov.mk/%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D0%BA/ ;

https://fb.uklo.edu.mk/2021/12/16/%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%BE%D1%81%D0%BF%D0%B8%D1%82%D0%BD%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D0%BE/#iLightbox[gallery_image_1]/2

https://jorm.gov.mk/category/odnosi-so-javnosta/foto-galerija/

https://jorm.gov.mk/za-javno-obvinitelstvo/

https://lider.com.mk/wp-content/uploads/2020/05/popraven-dom-360x270.jpg

https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/ministerstvo.png
https://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2016/02/ojo11.jpg
https://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/ilp-pji/rev1/index.html
https://www.napoleon.org/en/history-of-the-two-empires/articles/the-code-dinstruction-criminelle-1808/
https://www.pravda.gov.mk/vest/5139 ;
https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-javnoto-obvinitelstvo-16-02-2020.pdf ;
https://www.slobodenpecat.mk/wp-content/uploads/2020/05/popraven-dom1.jpg
https://www.slvesnik.com.mk/Issues/BDBF29F810D5E9468FC65FA542B857B3.pdf ;
https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf
Бужаровска Г. (2010); Истражни дејствија : Прирачник за практичари, Скопје;
Бужаровска Г., Калајџиев, Г., Матовски, Н.( 2010): Казнено процесно право, Скопје;
Бужаровска, Г., Карнавас М., Ре, Д. (2010)„ Спогодување за вина – прирачник за практичари, OSCE,Скопје;
Деловник за работа на советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Скопје, 2008 година;
Договор за правна соработка во граѓански и кривични предмети меѓу Република Македонија и Република Турција, ("Службен весник на Република Македонија” бр.23/97).
Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за правна помош во граѓански и кривични предмети, ("Службен весник на Република Македонија” бр. 16/98), 02.10.1998 година;
Договор меѓу Република Македонија и Република Словенија за правна помош во граѓански и кривични предмети,("Службен весник на Република Македонија” бр.24/96),влегува во сила на 05.09.1997 година;
Ѓуркова, О.(2010): Казнена постапка за коруптивни кривични дела во Римското право, Алфа 94 Скопје, Скопје;
Етички кодекс на јавните обвинители во Република Северна Македонија, 2021 година;
Закон за јавното обвинителство ( Службен весник на Р.Македонија бр.80/92, 150/2007, 111/2008, 42/2020)
Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија” бр.150/2010;бр. 100/12 и бр.198/18);
Закон за меѓународна соработка во кривичната материја, чл.16, Службен весник на РМ, бр. 124 од 20.09.2010
Илиевски Ј. (2013) - Историја на Јавното обвинителство во Македонија - Положба, улога, перспективи, Докторски труд, Скопје;
Камбовски, В., (1998), *op. cit*., стр.221; слично и Хакнер, Т., Шомбург, В., Лагодини, О., и др. (2009), *op.*
Стевчо Донев, Организиран криминал и криминално здружение во законот во националното и меѓународното право, 2011 година;